FRONT 21|42

Front 21/42 www.front.org.mk
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22, 1000 Skopje / Office: Orce Nikolov 83a, 1000 Skopje
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

---

**Коментари кон**
**Нацрт Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија за период од 2008-2020 со визија до 2030**
**и**
**Извештајот за стратегиска оцена на животната средина**
**(на горенаведениот стратешки план)**

1. **Општи коментари:**

**Ја поздравуваме одлуката на надлежните да спроведат стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија за период од 2008-2020 со визија до 2030.**

**Ја препознаваме пионерската задача на стручниот тим** (ова е прва стратешка оцена на плански документ во Република Македонија) и сметаме дека направените пропусти се во голема мера условени од оваа позиција (немање на претходно искуство и домашни практики).

**Сепак, поради огромното значење на планскиот документ (се однесува на област која има најголемо влијание врз животната средина и неговата реализација директно ќе ја одреди состојбата на животната средина и здравјето на сите идни поколенија во нашата земја), сметаме дека кон овој документ и кон Извештајот за неговото влијание мора да се пристапи со најголема сериозност и внимание.**

2. **Коментари во однос на информирањето и учество на јавноста:**

**2.1.** Нацрт документот (енергетската стратегија) не е објавен на веб страната на Министерството за економија, паралелно со Извештајот за стратегиска оцена. Со ова е прекршен законот:

***Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на РМ, бр. 147 од 26.11.2008 година)***
***Член бр.6***
*Органот за изработката на пропис и/или плански документ треба да обезбеди услови за учество на заинтересираната јавност со одржување на најмалку една јавна расправа <u>и да го стави нацрт</u>*

---

*прописот и нацрт планскиот документ на јавен увид и на својата веб страна.*

Бараме Министерството за економија да го почитува законот и да ја објави Нацрт Стратегијата за развој на енергетиката на својата веб страна во најбрз можен рок. **Дури по објавувањето на истата може да почне да тече законскиот рок за консултации со јавноста.**

**2.2.** Во законскиот минимум (15 дена до јавна расправа и 30 дена за коментари) засегнатата јавност нема ни оддалеку доволно време да ги анализира паралелно двата документи за да се подготви за квалитетно учество во јавната расправа. Со цел суштинско учество на јавноста во донесувањето на оваа исклучително важна стратегија (а не формално запазување на законските барања), бараме да биде продолжен рокот за учество на јавноста, односно можноста за доставување коментари за уште најмалку 15 дена.
**Запазувањето на неопходниот минимум од законските барања (15 дена до јавна расправа и 30 за коментари) не може да биде аплицирано во овој случај поради големината и значењето на планскиот документ и Извештајот за стратегиска оцена.**

Директивата 2001/42 јасно дефинира дека надлежните на засегнатата јавност ќе и дадат навремени и ефективни можности во соодветни временски рамки за да ги изрази своите мислења:

**Article 6(2)**
*The authorities referred to in paragraph 3 [of Article 6] and the public referred to in paragraph 4 [of Article 6] shall be given an early and effective opportunity within appropriate time frames to express their opinion on the draft plan or programme and the accompanying environmental report before the adoption of the plan or programme or its submission to the legislative procedure.*

Водичот за имплементација на Директивата, издаден од страна на Европската Комисија понатаму го дообјаснува овој член и наведува дека за различни планови и програми се потребни различни временски рокови, но она на што треба да внимаваат надлежните е да обезбедат доволно време за јавноста соодветно да ги оформи и формулира своите мислења во однос на долги, комплексни, продолжени или планови со далекусежни последици (каква што секако е енергетската стратегија).

*„Different time frames may be appropriate for different types of plan or programme but care should be taken to allow sufficient time for opinions to be properly developed and formulated on lengthy, complex, contentious or farreaching plans or programmes. Adequate time will also be needed for the*

*planning authority to take these views into account before deciding on the plan or programme. Sometimes requests for additional information may be made and the time frame for consultation may also need to take into account the time for the responsible authority to respond.“*

Архуската Конвенција, исто така укажува на потребата од ефикасна подготовка на јавноста за нејзино суштинско учество во донесувањето на одлуки:

***Член бр.6 (Учество на јавноста во одлучувањето по конкретни активности)***
*3. Процедурите за учество на јавноста ќе содржат разумни рокови за различни фази, со кои што ќе се даде доволно време за информирање на јавноста согласно став 2, и на јавноста ќе и се даде доволно време да се подготви и ефикасно да учествува во текот на донесувањето одлуки за животната средина.*

Доколку и понатаму се инсистира на законскиот минимум ќе сметаме дека на засегнатата јавност не и е овозможено суштинско и квалитетно учество во донесувањето на односните документи.

2.3. Во процесот на донесување на овие два документи **не се спроведени никакви прекугранични консултации** и покрај констатацијата во Извештајот дека значителни прекугранични влијанија се очекуваат во случај на реализација на повеќе предложени проекти, со посебен осврт на предлогот за изградба на нуклеарна централа. **Ова претставува целосно прекршување на Законот за животна средина (Член 70) и Конвенцијата ЕСПО.**

2.4. **Прашање/ барање:** Дали надлежните ја идентификувале засегнатата јавност? Доколку одговорот е позитивен, бараме листа на идентификувана засегната јавност и информација како и кога субјектите од истата се информирани за процесот на усвојување на двата документи.

**2.5.** **Барање:** Сите коментари добиени по електронски пат и регуларна пошта да бидат јавно достапни, во оригинална форма, без никакви корекции. Записникот од оваа и сите останати јавни расправи во врска со енергетската стратегија, во согласност со законот да бидат објавени на веб страната на Министерството за економија, во согласност со Член 10 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина.

**Заклучок во однос на процесот на донесување: процесот не е во согласност со законот и меѓународните конвенции и мора да биде повторен со целосно почитување на сите законски одредби.**

Front 21/42 www.front.org.mk
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22, 1000 Skopje / Office: Orce Nikolov 83a, 1000 Skopje
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

## 3. Коментари кон Извештајот за стратегиска оцена:

3.1. Бараме да ни биде доставена листа на експерти кои учествувале во изработката на Извештајот.

3.2. Бараме да ни биде доставен список со членови на Управувачката група.

3.3. **Анализа на Извештајот во однос на законските барања** (Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 153 од 20.12.2007 година)):

**Од Уредбата:** „Резиме/ краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи.“

**Коментари:**
**Во врска со кратката презентација на стратегијата:**
Резимето/ краткиот преглед на содржината и целите на планскиот документ се оптеретени со непотребни информации (на пример половина страна вовед, посебен осврт на целите на ЕУ, итн), селектирани цитати кои даваат погрешна слика за Стратегијата дека става посебен акцент на искористувањето на ОИЕ и дека ги следи Европските трендови, а не се набројани реалните проекти кои се предлагаат во трите сценарија. Дополнително, во овој дел од Извештајот се констатира, без поддршка на анализа и факти (**Цитат**):

> Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија го дефинира нејпогодниот долгорочен развој на енергетскиот сектор во Републиката, со цел да се обезбеди сигурно и квалитетно снабдување со енергија на потрошувачите, при тоа грижејќи се за влијанијата врз животната средина.

Доволно е да се погледне табелата за влијанијата врз животната средина во Додаток 3 и да се заклучи дека грижата за животната средина не е еден од приоритетите на оваа стратегија.
Сметаме дека вака напишаниот текст не ја прикажува Стратегијата објективно. Наш предлог е текстот да биде краток и јасен и да ги содржи најнеопходните информации: на што се однесува стратегијата, колкав временски период опфаќа, кои се целите кои се зацртани во истата и кои се трите сценарија (конкретни проекти) кои таа ги предлага.

**Во врска со анализираните планови и програми:**
Во Извештајот не се споменуваат повеќе планови и програми кои имаат директна врска со Стратегијата за енергетика. Дел од овие планови се:
Национална Стратегија за биодиверзитет: Овој документ содржи значајни информации за биолошката рановидност и нејзината распространетост,

екосистемите и хабитатите врз кои проектите кои се предлагаат во Стратегијата за енергетика секако ќе имаат големо влијание; главните закани и причини за загуба на биодиверзитетот (на пример се споменуваат: несоодветно управување со водите, изградба на хидроакумулации во речните клисури, фрагментација на стаништата од енергетски и транспортни проекти, итн); Овие податоци треба да бидат земени во предвид во повеќе фази од изработката на Извештајот, а особено при анализа на влијанијата, разгледување и предлагање на алтернативи, кои треба да осигураат дека предложените проекти не се во спротивност со веќе усвоените стратешки цели на Република Македонија за заштита на биодиверзитетот.
Напомена: Уредбата за содржината на извештајот, а и самата Директива посебно ја акцентираат потребата за анализа на можните влијанија врз дивите птици и хабитатите.

Национален План за апроксимација во животната средина: Транспонирањето на одредени регулативи и директиви од ЕУ ќе има директно влијание врз постоечката енергетска инфраструктура, а особено врз можните идни активности од областа на енергетиката кои се предлагаат во Стратегијата. Со оглед на временскиот рок кој го опфаќа енергетската стратегија (2020/2030, кога, се надеваме Македонија ќе биде веќе полноправна членка на ЕУ), и роковите за целосно транспонирање и имплементирање на ЕУ директивите дадени во овој документ, секако дека е неопходно во оваа фаза на стратешко планирање проектите од енергетскта стратегија да бидат анализирани во контекст на релевантните директиви. Ова особено се однесува на Рамковната Директива за вода (која директно кореспондира со проектите за искористување на хидропотенцијалот); Рамковна Директива за отпад (директна врска со проектите за нови термоцентрали, ископи на јаглен, нуклеарна централа, итн); Рамковната Директива за воздух (која особен фокус става на гранични вредности на аерополутанти); Директивата за хабитати (особено во поглед на географските рамки во кои мора да се спроведат посебни мерки за заштита).
И Водичот за имплементација на СЕА Директивата од Европската Комисија посебно се осврнува на споменатите директиви и нивната врска со стратешката оцена на влијанието врз животната средина.
Друга директива во однос на која треба да се анализираат предложените енергетски проекти е Директивата за обновливи извори на енергија, која според Ревизијата на НППА во 2010та, треба да биде целосно транспонирана во Македонија до крајот на 2012 година.

Останати национални планови кои е корисно да се консултираат: Стратешкиот план за развој 2008-2010 на Министерство за транспорт и врски; Стратегија за управување со отпад; Стратегија за органско земјоделие.

Релевантни Регионални и Локални планови: сметаме дека при анализа на енергетската стратегија секако треба да се земат во предвид и релевантни регионални и локални планови, особено оние кои се однесуваат на областите каде се лоцирани предложените активности.

FRONT 21|42

Front 21/42 www.front.org.mk
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22, 1000 Skopje / Office: Orce Nikolov 83a, 1000 Skopje
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

---

**Коментари во однос на анализата на врската на енергетската стратегија со наведените планови:**

Сметаме дека релацијата на енергетската стратегија со останатите релевантни планови и програми треба да биде прикажана на едноставен и разбирлив начин – шематски, во табела во која ќе бидат јасно наведени целите и/или барањата на дадениот план и како истите се земени во предвид во енергетската стратегија. Со оглед на фактот дека станува збор за Извештај за влијание врз животната средина, јасно е дека треба особено да се стави фокус на целите и/или барањата кои имаат директна врска со заштитата на животната средина и во тој контекст да се анализира стратегијата.

Наведениот референтен документ (Практичен водич за СЕА Директивата од Владата на Шкотска) во Апендикс 2 дава многу едноставен пример на ваков приказ кој наместо со долга и непрегледна нарација, многу јасно ја прикажува врската на планот со останатите релевантни документи.

Во оваа смисла, наместо непрецизните (и нецелосни) презентации на анализираните планови, без објективен приказ како нивните цели се земени во предвид во енергетската стратегија и табелата во Додаток 2, која дава само општ преглед – би требало да има една табела која навистина ќе овозможи јасен преглед на врската меѓу релевантните цели на плановите со проектите во енергетската стратегија и како тие се инкорпорирани (или ако не се како треба да се инкорпорираат) во истата.

Се разбира, овој едноставен приказ во табела треба да се базира на темелна анализа.

Во оваа смисла, во Извештајот (освен нецелосен и необјективен приказ на врската меѓу енергетската стратегија и Просторниот План на РМ, и врската со Стартегијата за енергетска ефикасност) не е прикажано инкорпорирање на цели од било кој друг анализиран план.

Во анализата на релацијата со Просторен План на РМ (кој е хиерархиски повисок од Енергетската стратегија и истата треба да е во согласност со неговите цели, програмски определби и сл.) недостасуваат цели и определби од исклучително значење за еден извештај за стратегиска оцена на влијание врз животна средина:

Поглавје: 2 Користење и заштита на природните ресурси

2.1. Земјоделско земјиште; 2.2. Шуми и шумско земјиште; 2.3. Минерални ресурси; 2.4. Водни ресурси и водостопанска инфраструктура; Поглавје: 5 Заштита и унапредување на животната средина, природното и културното наследство и развој на туризмот: 5.1. Животна средина; 5.2. Природно наследство; 5.3. Културно историско наследство (анализа во однос на планските определби); Поглавје 7: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи, особено деловите Заштита од поплави и Мерки за заштита од техничко-технолошки катастрофи.

**Заклучок: Енергетската стратегија не е претставена јасно, концизно и објективно во воведниот дел, при анализата не се земени во предвид**

**неколку клучни плански документи и не е јасно и целосно прикажана врската меѓу енергетската стратегија и останатите релевантни планови.**

**Од Уредбата:** „Релевантни аспекти на моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/ најверојатната еволуција без имплементација на планот/програмата."

**Коментари во врска со релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина:**
Наместо јасен приказ на релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина, во Извештајот има речиси 30 страни со „основни податоци за животната средина во Република Македонија".
Ваквиот пристап не е во согласност со законските барања, ни во согласност со самата Директива. Во водичот за СЕА од Европската Комисија јасно е дефинирано дека под „релевантни аспекти" се мисли на аспектите на животната средина кои ќе претрпат значителни влијанија од спроведувањето на планот, како и тоа дека овие информации мора да се однесуваат на тековната состојба, односно да се земат во предвид последните ажурирани податоци. *(The information required in (b) on the relevant aspects of the current state of the environment is necessary for the understanding of how the plan or programme could significantly affect the environment in the area in question. The term 'the relevant aspects' refers to environmental aspects that are relevant to the likely significant environmental effects of the plan or programme. These aspects could be of a positive as well as of a negative nature. The information must concern the current state of the environment which means that it should be as up to date as possible.)*
Истиот Водич многу јасно дефинира на каков тип на аспекти и информации се фокусира Директивата – оние кои се концентрирани на значителните влијанија од спроведувањето на планот. Уште повеќе, нагласено е дека прекумерно прикажување на исцрпни податоци за теми и аспекти кои не се релевантни го прават извештајот тежок за разбирање и може да водат кон превид на важните информации. *(A plan or programme can be very extensive and treat a great number of different issues so it should be emphasized that the Directive calls for information that concentrates on issues related to the significant effects on the environment of the plan or programme (see Article 5). An excessive account of information on insignificant effects or irrelevant issues makes the report difficult to digest and might lead to important information being overlooked.)*
Токму ова е случај со Извештајот за енергетската стратегија. Всушност апсолутно е невозможно од овој дел да се разбере кои аспекти на животната средина ќе бидат засегнати и каква е нивната моментална состојба (на пример здравјето на луѓето, биодиверзитетот, квалитетот на воздухот, водата, почвата, итн).

**Коментари во врска со проценката на најверојатната еволуција на овие аспекти на животната средина без имплементација на планот:**

Front 21/42 www.front.org.mk
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22, 1000 Skopje / Office: Orce Nikolov 83a, 1000 Skopje
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Додека и законот и Директивата се јасни дека фокусот на "do nothing" сценарио се однесува на еволуцијата на релевантните аспекти на животната средина (оние кои претходно требаше да бидат претставени) во Извештајот за енергетската стратегија животната средина е прикажана како една од неколкуте области (по ништо издвоена како посебно важна), и тоа како општо место „животна средина" (не посебни аспекти кои би биле засегнати) и никакви конкретни информации за еволуцијата на овие аспекти без имплементација на стратегијата не се понудени. Со поголемо внимание е претставена состојбата без имплементација во областа на енергетиката.
Ваквиот пристап е целосно во спротивност со законските барања и суштината на директивата.

**Заклучок: Во Извештајот не се анализирани релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило со истите доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/ најверојатната еволуција без имплементација на планот/програмата.**

**Од Уредбата:** Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати.
**Коментар:** Ова барање воопшто не можевме да го најдеме, па претпоставивме дека триесетте страни општи информации за животната средина во Македонија се обид и за приказ на моменталната состојба на релевантните аспекти и карактеристиките на животната средина во области кои би биле засегнати од имплементацијата на планот. Претходниот коментар за мноштво на податоци за секакви области во кои се губат релевантните информации целосно важи о овде. Предлагаме повторно да се искористи Водичот од Европската Комисија кој помага за правење на дистинкција меѓу овие и претходните информации. Истиот појаснува дека додека во првиот случај предмет на анлиза е состојбата на животната средина во областите кои ќе бидат погодени во моментот (пред имплементација на планот) и развојот на истата во иднина доколку планот не се реализира, во вториов случај информациите треба да бидат спецификација на претходните информации. Аспектите или карактеристиките на животната средина и во двата случаи може да опфаќаат и проблеми, но и вредности и добра или посакувана состојба на животната средина. Водичот не ја исклучува можноста вторите информации (карактеристиките) и проблемите (овде разгледани во следната точка) да бидат прикажани заедно, <u>но под услов да бидат обезбедени сите неопходни податоци</u>. *(The requirements in (b), (c), and (d) may overlap but are coherent and they aim at different aspects of the environmental conditions in areas covered by the plan or programme and on which it is likely to have significant environmental effects. In (b) the concern is the state of the environment in all the area that is covered by or significantly affected by the plan or programme, currently as well as without its implementation. In (c) information is to be provided on the areas that are likely to be significantly affected by the plan or programme, information that can be seen as a specification of the information given under (b). The concern in (d) is focused on*

*environmental problems while the aspects or characteristics in (b) and (c) could be problems as well as environmental values and assets or a favourable state of the environment. Since the requirements in (c) and (d) overlap, it might in many cases be appropriate to address them together, provided that all the necessary information is provided.)*

**Заклучок: Извештајот не обезбедува јасни информации за карактеристиките на животната средина во областите кои би биле значително засегнати. Воопшто не ги ни издвојува областите кои би биле значително засегнати.**

**Од Уредбата:** Други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштитата на дивите птици и хабитатите.

**Коментар:** Ова не е воопшто наведено.

**Од Уредбата:** Целите на заштитата на животната средина одредени на национално или меѓународно ниво кои се релевантни за планскиот документ, и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки.

**Коментар:**

Во наративниот дел не се наведени целите на заштитата на животната средина (ни национални, ни меѓународни), ниту пак е наведен начинот на кој истите , заедно со сите аспекти на животната средина, биле земени во предвид при подготовката на планскиот документ. Наместо тоа, авторите на Извештајот сами си констататираат дека целите се земени во предвид, без никакво понатамошно објаснување. Списокот на националната и меѓународна правна рамка никако не значи презентација на целите за заштита на животната средина. Табелата во Додатокот 2 ги претставува целите на националните и меѓународни документи, но никаде нема објаснување за нивната корелација со планот кој се оценува, поточно како сите тие се земени во предвид за време на подготовката на планскиот документ.

**Од Уредбата:** Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, човечкото здравје, фауната, флората, почвата, водата, воздухот, климатските фактори, материјалните придобивки, културното наследство кое вклучува и архитектонско и археолошко наследство, пејсажот и меѓусебната поврзаност на овие фактори. Овие влијанија вклучуваат секундарни, кумулативни, синергистички, краткорочни, со средно и долгорочни, трајни и привремени позитивни и негативни ефекти.

**Коментар:**

Во наративниот дел од Извештајот се анализирани само позитивните и негативните ефекти на две категории: необновливи/обновливи извори на енергија. Додека во табелата во Додатокот 3 се анализирани и другите аспекти на влијанијата. Одбраната методологија за прикажување на влијанијата не дава јасен преглед на влијанието на развојните сценарија врз конкретните аспекти на животната средина.
Предлагаме влијанието да се прикаже на начин сличен на табелата во Додатокот 3, но за секое развојно сценарио посебна табела, и да се прикажат влијанијата на конкретните активности од тоа тоа сценарио врз сите релевантни аспекти (во конкретната табела, на пример, не се споменува здравјето на населението) на . На овој начин носителите на одлуки и јавноста ќе имаат јасен и целосен преглед за можните влијанија од различните сценарија во стратешкиот план. Под секоја табела сметаме дека треба да има кус наративен дел кој ќе ги објасни влијанијата поконкретно (на пример, што се подразбира под значително негативен ефект – неповратен или не, какви кумулативни ефекти, итн – и каква е поврзаноста на сите нив, односно влијанието на проектите од тоа конкретно сценарио врз релевантните аспекти. Онаму каде што може пожелно е и корисно овие влијанија да бидат прикажани и квантитативно.
Сепак мора да напоменеме дека, за разлика од останатите поглавја, во ова поглавје има најмногу релевантни, објективни и квалитетни информации и проценки за животната средина.

Во Извештајот на неколку места се наведува дека подеталните влијанија ќе бидат разгледувани во стратешката оцена на посебните проекти и при издавање на дозволи. Стратешката оцена секако не треба да оди многу во длабочина (на пример детално да го анализира влијанието на стратегијата врз секоја река во Македонија), но и законот и Директивата налагаат приказ на влијанието од проектите во планот и планот во целина (сите тие заедно). Водичот од Европската Комисија појаснува што се мисли под влијание на „имплементација“ на планот: не само реализацијата на проектите кои се планираат, туку и останати активности кои се дел од целосната имплементација на планот (значи секако не може да бидат избегнати проценките на конкретните проекти). Понатаму, Водичот ја истакнува важноста на анализата и прикажувањето на различните фактори заедно:

**Implementation** means not only the realisation of the projects envisaged in the plan or programme (including both their construction and operation )but also covers other activities (such as behavioural measures or management schemes) which form part of the plan or programme (or its implementation).
The list of issues in (f) is not exhaustive and other issues may be relevant.

Compared to the list of the amended EIA Directive, human health, biodiversity and cultural heritage are here mentioned explicitly. The notion of human health should be considered in the context of the other issues mentioned in 30 paragraph (f) and thus environmentally related health issues such as exposure to traffic noise or

---

air pollutants are obvious aspects to study. Guidelines for incorporating biodiversity related issues in strategic environmental assessments have been adopted under the Convention on Biological Diversity. A description of the relationship between the factors mentioned in paragraph (f) is essential since it could show other and more severe significant effects than those resulting from a more isolated study of each single factor. Thus significant effects on air and climatic factors may cause significant adverse effects on flora, fauna and biodiversity. The purpose of the footnote is to emphasize the need for broad and comprehensive information on the factors and their interrelationship (although it should be read in the light of Article 5(2)). A description of positive effects is essential in order to show the contribution of the plan and programme to environmental protection and sustainable development.

**Од Уредбата:** Мерки предвидени за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ.
**Коментар:**
Извештајот ни во овој дел не дава јасни и конкретни информации. Додека за одредени енергенси (не за конкретни проекти од стратегијата) има делумни предлози (на пример согорување на јаглен во термоцентрали, биомаса...), за повеќето останати има општи места – препораки кои може да бидат применети во било која област (на пример „да се почитува законот“ или „едукација на кадар“), или кои ништо не значат ( на пример „ да се спроведат сите мерки за намалување на ефектите“), а некои воопшто и не се споменати и покрај детектираното негативно влијание (на пример ископ на јаглен).
Предлагаме поинаква методологија на прикажувањето на мерките – односно мерките да кореспондираат со ефектите врз конкретните области од страна на конкретните проекти и секако сериозна посветеност на овој важен дел од страна на стручниот тим.

**Од Уредбата:** Резиме/краток преглед на причините за изборот на алтернативите, и опис за тоа како е направена проценката, вклучувајчи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации.
**Коментар:**
Еден од најважните делови на Извештајот за стратегиска оцена – алтернативите на предложените сценарија (и/или проекти) во планот, во случајот на овој Извештај всушност и не постои. Извештајот ги анализира сценаријата во нацрт стратегијата, односно се прилагодува на постоечкиот текст. Во ниеден случај не се анализираат и други решенија освен оние што постојат во Стратегијата. Колку пати и да го прочитате Извештајот нема да ви биде јасно која „алтернатива“ ја предлага како најповолна. Во овој случај најмногу доаѓа до израз погрешниот и противзаконски пристап - наместо да се започне паралелно со работата на нацрт планот и стратешката оцена и во тимска работа, со навремено согледување на последиците и можните алтернативи, да се дојде до најдобро можно решение за стратешко планирање

Front 21/42 www.front.org.mk
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22, 1000 Skopje / Office: Orce Nikolov 83a, 1000 Skopje
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

на енергетската иднина на Македонија – стратешката оцена е чиста законска формалност која треба да го потврди и оправда постоечкиот нацрт документ. Ова е целосно во спротивност со Директивата.
Водичот од Европската Комисија јасно дефинира што се алтернативи и дека „намерен избор на алтернативи со цел да се промовира планот“ не се прифаќа.

It is essential that the authority or parliament responsible for the adoption of the plan or programme as well as the authorities and the public consulted, are presented with an accurate picture of what reasonable alternatives there are and why they not are considered to be the best option.

In practice, different alternatives within a plan will usually be assessed (e.g. different means of waste disposal within a waste management plan, or different ways of developing an area within a land use plan). An alternative can thus be a different way of fulfilling the objectives of the plan or programme.

<u>A deliberate selection of alternatives for assessment, which had much more adverse effects, in order to promote the draft plan or programme would not be appropriate for the fulfilment of the purpose of this paragraph.</u> To be genuine, alternatives must also fall within the legal and geographical competence of the authority concerned. An outline of the reasons for selecting the alternatives dealt with is required by Annex I (h).

**Од Уредбата:** Опис на предвидени мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски.
**Коментар:** Нашите предлози и мислења за овој дел ќе ги доставиме откако ќе добиеме доволно информации и јасен приказ на сите влијанија од сите проекти врз сите релевантни аспекти од животната средина. Овој дел може (и пожелно е) да биде комплетиран по консултациите со јавноста.

**Од Уредбата:** Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во точките од а) до з) на став 1 од овој член.
**Коментар:** Во Извештајот е наведено: „Нетехничко резиме ќе биде направено по завршувањето најавните расправи.“ Ова е целосно неприфатливо! Не-техничко резиме е неопходно токму за јавноста да ги разбере и двата документи и да може квалитетно да учествува во јавна расправа. Ова е многу јасно дефинирано и во референтните водичи кои се споменуваат:

The purpose of the non-technical summary is to ensure that the key issues and findings of the Environmental Report will be readily understood by decision-makers and by the general public. Technical jargon should be avoided, as far as possible. The summary should form part of the report, but it might also be published separately with a view to wider dissemination. An overall summary table may be helpful in simplifying the main findings, but care will be needed to ensure that the presentation of any complex issues is not distorted through over-simplification. The

nontechnical summary should accurately reflect the findings of the Environmental Report.

Важноста на не-техничкото резиме и неговата цел е објаснета и во Водичот од Европската Комисија:

In any case, there must always be a non-technical summary of the information provided under the headings listed in Annex I.

**Заклучок во однос на соодветноста на Извештајот во контекст на законските барања:**
**Содржината на Извештајот за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на енергетската стратегија не е во согласност со законските барања.**
**Од 10 точки кои Уредбата ги пропишува како обврзни во содржината 4 точки се нецелосно, и несоодветно опфатени:**

1. Резиме/ краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи;
2. Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
3. Целите на заштитата на животната средина одредени на национално или меѓународно ниво кои се релевантни за планскиот документ, и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
4. Мерки предвидени за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ;

**4 не се воопшто прикажани:**

1. Релевантни аспекти на моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/ најверојатната еволуција без имплементација на планот/програмата.
2. Други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштитата на дивите птици и хабитатите;
3. Резиме/краток преглед на причините за изборот на алтернативите, и опис за тоа како е направена проценката, вклучувајчи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
4. Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во точките од а) до з) на став 1 од овој член.

**1 точка е делумно задоволително опфатена (но сепак се неопходни корекции и дополнувања и во овој дел):** Веројатните значајни влијанија врз

FRONT 21|42

Front 21/42 www.front.org.mk
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22, 1000 Skopje / Office: Orce Nikolov 83a, 1000 Skopje
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, човечкото здравје, фауната, флората, почвата, водата, воздухот, климатските фактори, материјалните придобивки, културното наследство кое вклучува и архитектонско и археолошко наследство, пејсажот и меѓусебната поврзаност на овие фактори. Овие влијанија вклучуваат секундарни, кумулативни, синергистички, краткорочни, со средно и долгорочни, трајни и привремени позитивни и негативни ефекти.

**За Мониторингот не може да се изгради став врз основа на расположивите информации во Извештајот.**

**Мислење:** Извештајот мора да биде вратен на целосна преработка и истиот да се објави откако ќе се обезбеди, без никакво сомневање, дека законскиот минимум е запазен. По ова треба да следи уште најмалку една јавна расправа за Извештајот и најмалку уште една јавна расправа за нацрт планот.

Фронт 21/42 целосно им стои на располагање на надлежните и стручниот тим да помогне во изработката и донесувањето на овој значаен план, во согласност со законите, директивата и вистинските принципи на партиципативната демократија, а се со цел Македонија да добие Стратегија која навистина ќе овозможи нашите идни поколенија да живеат и создаваат во чиста, здрава, богата и убава, Европска Македонија.

### 3.4. Останати коментари во врска со содржината на Извештајот:

- Во табелата со цели на Стратешката оцена (стр. 16) да се вметне и колона со индикатори);
- Наместо целта „одржување на постојаното ниво на флора и фауна“ логичната цел на СЕАта е „заштита и унапредување на биодиверзитетот“;
- Нема ни една цел поврзана со заштитата и унапредувањето на хабитатите;
- Наместо „зачувување на квалитетот на водата„ и „... на почвата“, логично е целта да биде „заштита и подобрување на квалитетот на водата/почвата“;
- Нема никакви цели во однос на климата;
- Заклучокот од Табелата „Без Стратегија“ (стр. 101) е дека без стратегијата ќе има „влошување на квалитетот на животната средина“ и „зголемен ризик од нарушување на здравјето“. Ова е сосема невистинита констатација (без нови хидроцентрали, рудници на јаглен термоцентрали, нуклеарна централа, итн - ќе биде нарушена животната средина и здравјето?!) Анализата треба да покаже што ќе се случи без оваа, конкретна стратегија, врз конкретните аспекти на животната средина и здравјето на луѓето во Македонија, а не општо без никаква стратегија;
- Не е точно дека се планира изградба на нуклеарна централа во Хрватска. Хрватската влада не го усвои сценариото кое предлагаше изградба на нуклеарна централа, туку донесе одлука од 2012 да се пристапи кон анализи дали е потребно да се гради нуклеарна централа во Хрватска;

Front 21/42 www.front.org.mk
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22, 1000 Skopje / Office: Orce Nikolov 83a, 1000 Skopje
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

- Ја поздравуваме намерата на стручниот тим да стави посебен фокус на можното влијание од нуклеарна централа во Македонија. Сепак, во одредени делови Извештајот оваа тема ја третира како да не постои во едно од сценаријата: на пример и покрај очигледното постоење на нуклеарна централа во третото сценарио (стр. 148), истата не се наведува во наративниот дел, делот каде се набројани планираните енергетски извори (2020-2030);
- На стр. 118, каде се анализираат влијанијата од можната нуклеарна централа во Мариово е наведено дека во стратегијата се предвидува искористување на водата од Чебрен и Галиште – во последната верзија на Стратегијата (која беше објавена летото 2009) не се споменува ништо слично, односно текстот на Извештајот не соодветсвува со текстот на документот кој се анализира.

**Коментарите во однос на самиот плански документ ќе бидат накнадно доставени.**

**Скопје**
**10. 02. 2009**